**20202964041**

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“ број 20/2015, 192/2015, 231/2015 163/2018 и „Службен весник на РСМ“), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 25 ноември 2020 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЧЕТНА ОБУКА

Член 1

Во Правилникот за почетна обука ( „Службен весник на РМ“ бр. 19/2017, 88/2017, 11/2018 и 34/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 193/2020), во член 14 став 2 алинеја 3, по зборовите „тематски целини“ се додаваат зборовите „преку контролни тестови;“.

Член 2

Во член 17 став 2 се менува и гласи „Се смета дека слушателот кој на тестовите од сите три модули, вклучително и бодовите за есеи, домашни работи и контролни тестови добил збирно помалку од 21 бод, не ја завршил успешно теоретската настава“.

Член 3

Во членот 19 став 6 по зборовите „ Полагањето на тестот трае “ бројот „360“ се менува со бројот „120“.

Член 4

Во член 22 став 13 се менува и гласи „Се смета дека слушателот кој на тестовите за проверка на знаењето од сите три модули, добил збирно помалку од 19 бода, не ја завршил успешно теоретската настава. “

Член 5

Во член 23 ставот 3 се менува и гласи „ За селектирани предмети/целини, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по една писмена работа што се оценува од 0 до 2 бодови за секој есеј и се изразува во броеви до втората децимала. “

Во став 4 бројот „-0.1“ бод се менува со бројот „-1“ бод.

Ставот 6 се менува и гласи „Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на секој модул, на начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет изразени во броеви до втора децимала, а конечната оцена по сите модули на крајот на теоретската настава со аритметичка средина од модулите и се изразува во броеви до втората децимала.“

Член 6

Во членот 24, став 1, бројот „3“ се менува со бројот „4“.

Ставот 3 се менува и гласи „ За селектирани предмети/целини, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по една домашна работа што се оценува од 0 до 1 бод за секоја домашна работа и се изразува во броеви до втората децимала. “

Во став 4 бројот „-0.1“ се менува со бројот „-0.5“.

Ставот 6 се менува и гласи „ Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на секој модул, на начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет изразени во броеви до втора децимала, а конечната оцена по сите модули на крајот на теоретската настава со аритметичка средина од модулите и се изразува во броеви до втората децимала.“

Член 7

По членот 24 се додава нов член 24-а кој гласи:

Контролни тестови

Член 24-а

(1) Контролните тестови се оценуваат преку реализација на активностите предвидени во член 14 став 2 алинеја 3 од овој правилник.

(2) Контролните тестови се реализираат за време на часовите.

(3) За селектирани предмети/целини, во текот на теоретската настава на учесниците им се задава по еден контролен тест што се оценува од 0 до 2 бодови за секој тест и се изразува во броеви до втората децимала.

(4) Неодговарањето на контролните тестови се бодува со -1 бод.

(5) Конечните бодови што ги освоил секој учесник според овој критериум ги пресметува стручната служба на Академијата на крајот на секој модул, на начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од сите освоени бодови по секој одделен предмет изразени во броеви до втора децимала, а конечната оцена по сите модули на крајот на теоретската настава со аритметичка средина од модулите и се изразува во броеви до втората децимала.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на интернет страницата на Академијата.

Бр.02-331/14
25 ноември 2020 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
д-р **Лазар Нанев,** с.р.